

Многу македонски семејства за свој домашен заштитник го имаат Св. Никола и неговиот ден го празнуваат со многу свечености. Во народното паметење овој лик  останал како заштитник на патниците, посебно на оние што патуваат по вода, но и по тоа што како за време на животот така и по смртта ги помагал сиромасите, ги заштитувал затворениците и неправедно осудените, ги откупувал робовите и ги пуштал на слобода.

Именден празнуваат: Никола, Нино, Николина, Коле...

Во животот на нашиот човек посебно значајно место има Свети Никола Мирликиски - Чудотворец, кого многу семејства го сметаат за свој домашен заштитник и со домашни служби и со многу обичаи го празнуваат неговиот спомен.

Иако повеќе се празнува денот на неговата упокојување 19/6 декември, (празник познат како зимски Св. Никола или Св. Никола - зимен), сепак внимание му се посветува и на денот на пренесувањето на моштите на св. Никола од Мир (во Ликија) во Бари (Италија) на 22/9 мај, (празник меѓу народот познат како летен Св. Никола, или Св. Никола - летен).

Овој важен лик од христијанската религија е роден кон крајот на III век во гратчето Патара во малоазиската област Ликија. Уште како дете се истакнувал со добро воспитание поради што станал омилен и пред Бога  и пред луѓето. Неговиот чичко кој исто така се викал Николај и кој бил архиепископ патарски, согледувајќи ги позитивните карактеристики на младиот Николај ги наговорил родителите да му дозволат да се посвети на Бога и го произвел во чин презвитер. За време на ракоположението

епископот исполнет со пророчки дих во еден момент покажувајќи на младиот Николај извикал: „Браќа, јас го гледам новото сонце што изгрева над земјата и ветува утеха на сите потиштени. Блажено е стадото што ќе го има за пастир, зашто тој ќе ги приведе кон вистината заблудените овци, ќе ги пасе на пасиштето на благочестието и ќе биде помошник на сите страдалници“. Ова пророштво на стрикото Николај се исполнило, зашто младиот Николај подоцна навистина станал заштитник на сиромасите, но и помошник на сите што со верба му се обраќале. По смртта на стрико му кој бил архиепископ  свештениците од областа Ликија барале негова замена, но сите се увериле дека немале подобар од младиот Николај и го избрале за архиепископ Мирликијски. Како архиепископ Николај бил омилен меѓу народот, зашто секогаш ги помагал сиромашните, ги посетувал болните, ги штител затворениците и неправедно осудените, младите ги советувал, грешните ги упатувал на вистинскиот пат, робовите ги откупувал и ги пуштал на слобода, на сиромашните девојки им купувал мираз за да се омажат итн.

По смртта на неговите родители кои што биле многу богати сето богатство што го наследил го разделил на сиромасите, но тоа го правел тајно тргнувајќи од божјите зборови за добрите дела да не бара светска слава.

Житието раскажува дека во тоа време во градот Патара живеел некој човек кој што ненадејно го изгубил богатството и бидејќи не бил способен да се бори во животот бил решен и со нечесни средства да остварува средства за живот. Имал намера да ја жртвува дури и честа на своите три ќерки но во тоа го спасил св. Никола кој ноќно време низ прозорецот му дофрлувал пари. Со тие пари таткото ги омажил и трите ќерки, а кога разбрал кој му го дава богатството паднал пред  нозете на Никола и со солзи во очите му благодарил со зборовите: „Ако не беше те пратил Господ да не спасиш, јас не можев да одолеам на искушенијата,  ќе паднев во грев и ќе ја жртвував честа на моите ќерки.“

Кога за време на владеењето на царот Диолкецијан станале големи прогони на христијаните и Николај бил затворен и подолго време останал во темница. Но кога царот Константин го признал христијанството и кога ги ослободил сите затворени христијани и Николај бил ослободен и повторно се вратил на архиепископскиот трон. Учествувал и на Првиот вселенски собор во Никеја во 325 година каде што удирајќи му шлаканица го посрамотил еретикот Арие, кој се одделил од христијанството и проповедал друго учење.

По пронаоѓањето на светиот крст од страна на царицата Елена многу луѓе тргнале да ги посетуваат светите места. И архиепископот Николај тргнал на вакво патување, на кое се

случиле многу чудни настани. Житието раскажува дека додека патувале по морето Николај претскажал големо невреме, но морнарите познавајќи ги метереолошките услови го исмевале велејќи му да не зборува за работи што не му се познати. Но кога набргу навистина фатило страшно невреме, кога се кренале големи бранови и кога сите очекувале несреќа Николај се помолил на Господа и бурата престанала. Вакви настани за време на животот на Николај се случиле повеќе, а тој и по смртта продолжил да ги заштитува патниците, посебно оние што патувале по вода.

Доживеал длабока старост и умрел во 342 година, откако скоро шест децении му служел на својот народ и на својот Господ. Бил погребан во соборната црква во Мир, а подоцна кога пред налетот на Исламот биле прогонувани христијаните, кога многу цркви настрадале и кога биле уништувани гробовите на светителите св. Николај му  се јавил во сонот на некој свештеник од Бари (Италија) и го замолил моштите да му ги пренесат во Италија. Во тоа време црквите во јужна Италија и припаѓале на Цариградската патријаршија. Потоа со многу свечености неговите мошти биле пренесени од Мир (Ликија) во Бари,  (Италија) во 1087 година, поради што и овој датум (22/9 мај) се смета за празник на Св. Никола.(св. Николај - летен). Преданието раскажува дека светите мошти во Бари биле пречекани од мноштво народ меѓу кој имало и многу болни, слепи, глуви, сакати, душевно болни и сл. кои што доживеале исцелувње

Култот на Св. Никола е познат од VI век, а најстарото житие за него потекнува од IX век. Важел за заштитник на целото население и од целиот свет, поради што високо го ценат не само православните туку и католиците. Од истите причини на овие простори во минатото го почитувале и Турците, кои што како што стои во некои записи го викале “Ад'рбаба”, што значи јадар татко или голем татко.

Се верува дека луѓето ги штител од секакви неприлики, но сепак во народното предание најповеќе е запаметен како господар на водите, на моријњата, а со тоа и заштитник на корабите и на патниците што патувале со нив. Затоа, пред него се молат особено оние што тргнуваат на пат по вода. Во македонските народни преданија се раскажува дека еднаш кога патувал по вода бродот потонал, а тој шест недели поминал на една штица. За цело време се молел на Бога да го спаси, а Господ не само што го спасил, туку затоа што бил исполнет со верба кон Бога и што го молел го назначил за заштитник на морепловците.

Во таа смисла Марко Цепенков запишал дека „Свети Никола је на моријњата - да варди луѓето од талазите на морето да не се удаат”. С. Тановиќ, пак во записите на обичаи и верувања од Гевгелиско на едно место забележал дека овој ден се празнувал „поради

дождови и поплави“, а на друго место дека го празнувале рибарите и морепловците, дека секогаш бил на вода и ги држел клучевите од седум извори за да не се удават луѓето, зашто кога би ја пуштил водата сите би се удавиле. На Дојранското Езеро, на овој ден рибарите не влегувале во чуновите, а и во Солунскиот залив престанувал сообраќајот. И Е. Спространов  во обичаите од Охрид забележал дека Свети Никола бил тој „шо и поиљвит моријњата. Тога, каде да се најт гемија или пампур останвит таму макар, стрет море да је, ќе се заприт и ќе го држит (ќе го празнуват). Свети Никола е фенерлија, праит чудесиј“.

Во македонските народни песни св. Никола е опејан како „стар свети Никола” кој може да го одмрзне и замрзнатото море, но и кој гради цркви и манастири: „Цркви гради стар свети Никола, /градил ги е од злато и сребро“. Стиховите, пак, од оваа песна во кои Св. Никола и се обраќа на златната рипка од дното на морето: „сребро, злато, цркви ќе доградa, / бесцен камен у олтар ќе става, / тебе рипке, курбан ќе те колам“, се во врска со обичајот да се јаде риба на празникот (особено на зимскиот празник кој спаѓа во Божиковите пости) како и со обичајот во некои места за курбан да се готви риба-крап.

И во песната од зборникот на браќата Миладиновци се пее за делбата меѓу четирите светци: Св. Илија, Св. Никола, Св. Јован и Св. Петар: „На свети Никола што му паднало?/ Паднало му води и бродови, / му паднаа гемии по море, / он да имат, он да и повељат”.

И во прозните народни умотворби еднаш се раскажува како Св. Никола ги помага сиромасите, друг пат како добил два празника во годината. Истражувачите на народниот живот истакнуваат дека многу елементи од обичаите и верувањата поврзани со Св. Никола водат потекло од претхристијанско време, но дека се задржани сите обреди, обичаи, жртвувања, и сл. кои биле поврзани со некогашниот претхристјански јунак на моријњата, водите и ветровите.

Простонароден расказ кон житието на св. Никола

Стар ет свети Никола. Немат место рисјанско кај да се не знајт негоото име и да не се празнуат негојот празник. И комшииве него го имаат за светец. Тие го викаат Ад’рбаба.

Едно време позавиделе сите други светци, оти свети Никола на ет толку честен. Се

собрале сите и се згоориле да направат една поплака и да се оплачат Господу за таа свети Николо’а непра’ина, оти сите цркви и зел на свое име, а пак на некои од светците ни името им се знаело. Речено, сторено. Ја напишал поплаката еден од светците и ошол да ја дајт Господу. Зел Господ сполај му, ја испеал и часокот пратил двајца анѓели да појдат по свети Никола, да му кажат оти имат поплака на него и да го заберат пред себе.

Излегле анѓелите и прегледале првин на небо, свети Никола тамо го немало. Слегле на земи. Цела ноќ барале кутрите анѓели од црква в црква, немат светец никаде. Пукнала зора и тогај дури одвај еднιот анѓел заглеал среде море една ѓемиа, ломење напраена и готоа да потонит и при неа сам свети Никола. Ошле прао тамо и му кажале оти требат да тргнат со нив, зашто имат поплака на него.

- Аман слуги Божји, прогоорил светецот, елате еден од вас покрепете а гемиава, ја оту пак поможете да ја куртулиме од далгава побрго за да не паднитe и вие кабаетлии со задоцнуењето. Се попоглеале ангелите, немало што да праат, виделе-не виделе, зеле ја спасиле гемијата и ја исплинале близу до скелето. После го забрале свети Никола како што бил изводенен вир-вода, со испокинати алишта, со полетите запрегнати и со солупен грб од крепење кораби. Ете на таа пересиа тој излегол и паднал ничкум пред Господа, кај што биле собрани и сите даудџии-светци. Анѓелите искажале Господу се со ред како го барале цела ноќ свети Никола од црква в црква и одвај пред зора го нашле среде море под една искршена гемија, од кај што го забрале.

Од како искажале се анѓелите се завртел Господ кон сите светци и ништо не прогоорил. Ама од погледот негов сите разбрале оти им рекол: „Ојте и вие, прајте истото (као што прајт свети Никола), ако сакате да бидите честени од сите рисјани“. И се поклониле Господу светците, и си ошле секи на својот конак.

И наредил од тогај Господ на секој светец да му се празнуат празник по еднуш во годината, ана кутриот светец што се нашол да ја пишит поплаката, на четири години еднаш да му се празнуат празник. (Тоа е преподобен Касијан Римјанин, споменот му е на 29 февруари, с.с.)

Преподобен Касијан бил Римјанин по потекло, умрел 435 година. Тој е основоположник на монаштвото на запад,

Запишал јероѓакон Јосиф од кичевскиот манастир Пречиста.

*Новини, Цариград, бр. 40, 1893 г.*

**Свети Никола гради црква**

Цркви гради стар свети Никола,

градил ги е од злато и сребро,

оште малко не са доградени –

не стигнало злато и па сребро,

па се чуди стар свети Никола,

дел да најде злато и па сребро,

да догради цркви, монастири.

Па си зема златна патерица,

па си шетна на горе на доле

отиде си крај Белото море

там си виде таја мрена риба,

дек играе по дно на морето,

криљето и злато позлатени

а в устата бесцен камен носи,

та си свети по дно на морето.

Удари се стар свети Никола

удари си с златна патерица,

удари си това Бело море,

раздели си това Бело море,

улезна си стар свети Никола,

па си фана таја мрена риба,

риба му се милно помолила:

-Пушти мене, стар свети Никола,

алал да е златото и сребро!

Проговарја стар свети Никола:

- С' сребро, злато цркви ќе дограда,

безцен камен у олтар ќе става,

тебе рипке, курбан ќе те колам!

*Од зборникот на Панчо Михајлов, Софија 1924 г.*

**Свети Никола раздава морски песок за бериќет**

Се пее на трпеза на Свети Никола

заспал задремал свети Никола,

во стреде море на мермер плоча,

малку ми поспал тој три години.

До три години сонце не огреа,

до три години ветор не веа,

до три години дош не ми врна,

да се не роди нишчо бериќет,

да ми станала тешка скопија.

Туе помина Богородица,

да си разбуди свети Никола:

-Стани ми стани, свети Никола.

Од сон ми стана и се поклони.

- Да што ме дигаш, ти света мајко?

- Да е станала тешка гладија

ти да си земеш кола с волови,

да си наполниш од море песок,

от да си тргнеш по сета земја,

коде да минеш, се да си сееш.

Тој пак си фпрегна кола с волови

оту си тргна по сета земја,

сос мрва семе многу берикет.

Коде со рока, коде с два прста,

по мрва фрлат, блаосовуват:

- Од мрва семе, многу берикет!

Тој ми ишетал по сета земја,

коде со рока, коде с два прста,

во пусто Скопје сос сета кола.

Испеана од Теофил Јанков од с. Тресонче, Дебарско.

Од зборникот на Атанас Илиев.

**Заспал задремал Свети Никола**

Заспал задремал свети Никола,

меѓу два пота, меѓу два друма,

тује помина света Недала.

Во рока носит стребрено котле,

а во котлето крст и босилек.

Ми поштрка свети Никола

ми го поштрка и се разбуди.

-Еј, брате, брате, свети Никола!

Зашчо си ми се тује успало?

-Еј сестро, сестро, света Недело!

Мрва си легнав голем сон видов:

беше израсло едино дрво,

едино дрво дрво дафино,

а на дрвото ветки парови.

-Еј брате, брате свети Никола!

Ветки парови – божји анѓели,

широки лисје – божји рисјани.

*Од Галичник од збирката на Риста Огњеновиќ - Љоноски.* **(Подготви Марко Китевски)**